РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Септември 2007 година**

**Сектор за макроекономска политика**

**Скопје, ноември 2007 година**

# РЕЗИМЕ НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА ВО СЕПТЕМВРИ 2007 ГОДИНА

- **Заживување на индустриското производство после нискиот раст во претходните три месеци**
- **Пораст на просечната стапка на инфлација од 1,1% во август на 1,4% во септември**
- **Зголемување на вредноста (во САД долари) на извозот на стоки за 39,9% на годишна основа, со истовремен пораст на увозот на стоки за 30,3%**
- **Вкупниот јавен долг на Република Македонија на крајот на септември изнесуваше 2.595 милиони долари и, во однос на 2006 година, е намален за 7,4%.**
- **Во периодот јануари-септември остварени се 22,6% повисоки буџетски приходи во однос на истиот период од минатата година**
- **Заклучно со септември, остварен е суфицит на Централниот Буџет од 2,9%**
- **Силен раст на депозитниот потенцијал на банките, надвор од државниот сектор, од 32,1%, придружен со раст на кредитите на приватниот сектор од 44%**
- **Силен пораст (28,6%) на бројот на новорегистрирани работни договори во однос на истиот период од минатата година**

## 1. Реален сектор

### 1.1. Кумулативниот индекс на индустриското производство за периодот јануари-септември 2007, во однос на истиот период од претходната година, забележа пораст од 2,7%.




Притоа, во септември 2007 година, индексот на индустриското производство е зголемен за 4,5% во однос на септември 2006 година, и за 6,6% споредено со претходниот месец.

Анализирано по сектори, кумулативниот раст на индустриското производство во анализираниот период се должи на зголеменото производство во секторот Вадење руди и камен од 15,2% и растот на Преработувачката индустрија од 4,3%. Сепак, и покрај силниот раст во овие два сектори, намаленото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода од 12,6% на годишно ниво, негативно влијае врз целокупниот индекс на индустриско производство. Во рамки на Преработувачката индустрија, која има најголемо учество во вкупниот индекс (83,9%), главни носители на растот се производството на прехранбени производи и пијалаци со раст од 6,9%, нафтената индустрија со раст од 4,5%, производството на основни метали со раст од 37,2%, како и производството на машини и уреди, неспомнати на друго место со 44,8%.

### 1.2. Кумулативниот индекс на трошоци на живот за периодот јануари-септември 2007, во однос на истиот период од претходната година, забележа пораст од 1,4%.




Во септември 2007 година, трошоците на живот забележаа пораст од 3,6% на годишна основа (во однос на истиот месец од претходната година), додека месечниот пораст изнесува 0,9%. Растот главно се должи на зголемените трошоци за храна и пијалоци од 1,6% и за домување од 6,9%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалоци за едно четиричлено домаќинство за месец септември 2007 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 10.636 денари и во однос на претходниот месец е повисока за 2,0%.

Индексот на цените на мало во септември 2007 година, во однос на истиот месец претходната година забележа зголемување од 2,9%. Овој пораст е

резултат на зголемените цени во групата земјоделски производи за 16,0%, индустриски производи за 2,7%, непрехранбени индустриски производи за 2,0%, прехранбени производи за 6,9% и индустриско-прехранбени производи за 4,8%.

**1.3. Во септември 2007 година, движењата на светските стокови берзи беа стабилни, без поголеми потреси, особено кај производите кои се во нашиот фокус на интерес.**

Притоа, цените на нашите најзначајни извозни производи главно забележаа зголемување или го задржаа истото ценовно ниво. Раст на берзанските цени е евидентиран кај нафтата, златото, бакарот, оловото и јагнешкото месо.




По тримесечен пад, цената на никелот во септември 2007 година забележа месечно зголемување од 6,8% и достигна вредност од 29,638 САД долари за еден метрички тон.

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во периодот јануари-септември 2007 година, вкупната надворешно-трговска размена, во доларска вредност, забележа висок пораст од 34% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот е зголемен за 18%, а неговата вредност достигна 2.701,2 милиони долари, што претставува пораст од 39,9%. Зголемувањето на количинскиот увоз на стоки изнесува 23%, со вредност од 4.230,9 милиони долари, или пораст од 30,3%. При вакви движења, дефицитот во размената, остварен во овој период забележа пораст од 12,7% во однос на истиот остварен до крајот на септември 2006 година.




Поголемиот извоз остварен во деветте месеци од оваа година, пред се е резултат на зголемениот извоз на железо и челик (стапка од 104%, главно поради силниот пораст на цените на светските пазари), облека (23%), овошје и зеленчук (35%), метална руда и метални отпадоци (69%), пијалоци (23%), изработка од неметални минерали (35%), обувки (54%), изработки од метал (31%) итн.

**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во трите квартали од 2007 година се: железо и челик со 38,6%, облека**



**18,8%, пијалоци и тутун 6,1%, нафта и производи од нафта 4,3%, овошје и зеленчук 4,2%, метална руда и метални отпадоци 3,6%.** Овие шест групи производи сочинуваат околу 75,5% од вкупниот извоз на државата.

Најголем дел од **увозот** на стоки во септември оваа година отпаѓа на: нафта и производи од нафта (63,2 мил. долари), железо и челик (45,3 мил. долари), текстилни предива и слично (28,2 мил. долари), друмски возила (26,2 мил. долари), метална руда и метални отпадоци (25,7 мил. долари) итн.

**2.3. Во деветте месеци од 2007 година, околу 66,5% од вкупно извезените стоки се пласирани на пазарот на Европската Унија (ЕУ27), а 50% од вкупно увезените стоки во Република Македонија се со потекло од ЕУ. Извозот во Европската Унија е поголем за 53,5%, а увозот е зголемен за 22,5% во однос на истиот период од 2006 година.**

Во анализираниот период, јануари-септември 2007 година, околу 80% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Полска, Турција и Индонезија.

**2.4. Според валутната структура, во периодот јануари-септември 2007 година,** извозот во евра бележи зголемување за 230 милиони евра (22%), а делот од извозот реализиран на "доларскиот пазар" бележи значително зголемување за 2.799 милиони долари (66%).

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

| ИЗВОЗ | I-IX 2006 | | | | | I-IX 2007 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
| EUR | 1.704 | 1.041.774.229 | 61,1895 | 63.745.644.185 | 74,7 | 2.084 | 1.272.662.031 | 61,1766 | 77.857.136.006 | 70,3 | 230.887.802 | 22,2 |
| USD | 569 | 424.142.263 | 49,2282 | 20.879.760.151 | 24,5 | 598 | 703.702.727 | 45,7235 | 32.175.751.638 | 29,1 | 279.560.464 | 65,9 |
| EUR+USD | 2.273 | | | 84.625.404.337 | 99,2 | 2.682 | | | 110.032.887.644 | 99,4 | | |
| вк.извоз: | 2.277 | | | 85.281.684.019 | 100,0 | 2.688 | | | 110.735.709.993 | 100,0 | | 29,8 |

**2.5. Надворешниот долг на Република Македонија на крајот на септември 2007 година изнесуваше 2.334 милиони долари, и во споредба со крајот на 2006 година е намален за 13 милиони долари, што се должи на поголемиот износ на отплатата на долгот во однос на користените средства.**




Надворешниот долг на јавниот сектор изнесува 1.409 милиони долари, и во споредба со состојбата во 2006 година е намален за 198 милиони долари, како резултат на предвремената отплата на долгот кон мултилатерални и билатерални кредитори. Во рамките на долгот во јавниот сектор, намалување во однос на 2006 година е забележано кај долгот на Централната Влада и јавните фондови, додека кај јавните претпријатија е зголемен. Надворешниот долг во приватниот сектор изнесува 925 милиони долари, и во споредба со 2006 година

е зголемен за 189 милиони долари, како резултат на зголемувањето на долгот во небанкарскиот приватен сектор и приватните банки.

**2.6. За првите девет месеци од оваа година, повлечени се средства во износ од 291,8 милиони долари, од кои 229 милиони долари во приватниот сектор.**

Во овој период склучени се нови кредити во износ од 292 милиони долари, од кои 214 милиони долари во приватниот сектор. Редовното сервисирање на обврските продолжува и понатаму, при што за првите девет месеци од 2007 година, сервисирани се 500 милиони долари, од кои 445 милиони долари главница.

**2.7 Вкупниот јавен долг на Република Македонија на крајот на септември изнесуваше 2.595 милиони долари и во однос на 2006 година е намален за 7,4%.**

Надворешниот јавен долг бележи континуирано намалување, и на крајот на септември оваа година е намален за 18,8%, додека внатрешниот јавен долг бележи зголемување за 8,7%, во споредба со крајот на 2006 година.

**2.8 Состојбата на краткорочниот долг на крајот на септември 2007 година изнесуваше 217,7милиони долари и во целост се однесува на приватниот сектор, и тоа по основ на финансиски кредити.**

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари-септември 2007 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 55.816 милиони денари (16,8% од БДП), што претставува зголемување од 22,6% во однос на истиот период од минатата година. Ваквото зголемување на приходите се должи на зголемената наплата на даночните приходи, но и на неданочните приходи поради уплатата на дивидендата од Телеком за 2005 година (2.873 милиони денари).**




Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 50.045 милиони денари, што претставува зголемување од 17,1% во однос на периодот јануари-септември минатата година.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во деветте месеци од 2007 година изнесува 48,4%, а на акцизите 18,6%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 33.520 милиони денари (10,1% од БДП). Гледано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа пораст од 22,8%, акцизите од 12,4%, данокот на добивка од 26,8%, приходите од царина се зголемени за 8,2%, додека приходите од персоналниот данок се речиси исти (зголемени за незначителни 0,2% споредено со истиот период лани како резултат на намалената и

унифицирана даночна стапка). Неданочните приходи се зголемени за 2,6 пати главно поради средствата од дивидендата на Телеком.

**3.2. Во првите девет месеци од 2007 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваа 46.067 милиони денари (13,9% од БДП), што е повеќе за 5,5 % во однос на истиот период од 2006 година.**

Најголеми расходни ставки се трансферите (18.468 милиони денари) и платите и надоместоците (17.145 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 37,2% и во однос на истиот период лани тие се зголемени за 4,2%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 5.577 милиони денари, односно имаат поголемо остварување во споредба со 2006 година за 9,4%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени 11,5% повеќе средства споредено со 2006 година и претставуваат најголема расходна ставка. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 7.581 милиони денари или за 1.028 милиони денари повеќе (15,7% зголемување). Каматите се реализирани во износ од 1.591 милиони денари што е помалку за 9,3%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваат 3.286 милиони денари, што е намалување за 3,8% во споредба со истиот период лани и претставува само 33,5% остварување од годишниот план.

**3.3. Оттука во периодот јануари- септември 2007 година остварен е суфицит на Централниот Буџет од 9.749 милиони денари (2,9% од БДП), додека суфицитот на консолидираниот буџет изнесува 10.401 милиони денари (3,1% од БДП).**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во септември 2007 година, примарните пари изнесуваа 32.533 милиони денари и со тоа бележат опаѓање од 2,3% во однос на август, додека на годишно ниво остварен е пораст од 18,9%.**

Во септември 2007 година, просечната каматна стапка на благајничките записи, изнесуваше 4,83%, односно бележи месечно намалување од 0,28%. Просечните месечни пондерирани каматни стапки на државните записи со рочност од три месеци во анализираниот период забележаа големо намалување, поточно од 5,41% во август на 3,71% во септември или забележано е намалување од 1,7 процентен поен. Просечните пондерирани каматни стапки на државните записи со рок на доспевање од дванаесет месеци изнесуваа 5,13%.

**4.2. Побарувачката на готовите пари во оптек забележа годишен пораст од 13,1%, а на месечно ниво се зголеми за 2,2%.**

Монетарниот агрегат М1 на годишна основа забележа пораст од 22,6%. Ваквите движења, како и порастот на вкупните депозити, резултираа со годишен пораст и кај пошироките монетарни агрегати М2 и М4 од 28,4% и 29,86%, соодветно.

**4.3. Растечкиот тренд на вкупниот депозитен потенцијал продолжува. Така, вкупниот депозитен потенцијал надвор од државниот сектор во септември 2007 година, на годишна основа, забележа пораст од 32,1%.**

Од аспект на валутата, придонесот на денарските кредити и понатаму ја задржува доминантната позиција во порастот на кредитната активност на банките. Кредитите на приватниот сектор забележаа годишен пораст од 44,0%.

**4.4. Во септември продолжи тенденцијата на благо опаѓање на каматните стапки на денарските кредити, со што се олеснува пристапот на приватниот сектор до потребните финансиски средства.**

Имено, просечните пондерирани каматни стапки на денарските кредити во септември изнесуваат 10,0% и со тоа забележаа намалување од 1 процентен поен на годишна основа. Активните каматните стапки на девизните кредити изнесуваат 8,6%, и во однос на септември 2006 година се повисоки за 0,4 процентни поени. Просечните пасивни каматни стапки на денарските и девизните депозити забележаа годишен пораст од 0,4 и 0,3 процентни поени соодветно, достигнувајќи ниво од 5,0% за денарските и 1,9% за девизните депозити во септември 2007 година.

**4.5. Реализираниот нето откуп на девизни средства од страна на НБРМ придонесе за натамошен пораст на бруто девизните резерви. На крајот на септември 2007 година тие достигнаа ниво од 2.143,2 милиони долари, односно во споредба со декември 2006 година се зголемени за 277,5 милиони долари.**

Во текот на септември 2007 година, при интервенциите на девизниот пазар, НБРМ продаде 11,5 милиони долари и откупи 56,9 милиони долари, со што нето ефектот беше откупени 45,4 милиони долари.




## 5. Социјален сектор

**5.1. Во период јануари-септември 2007 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 141.826 засновани нови работни односи (неопределено време, определено и сезонски), што претставува зголемување од 28,6% во однос на истиот период од минатата година.**




Притоа, во септември бројот на

новите вработување е поголем за 47% на годишна основа. Имено, одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување во септември изнесува 9.659 лица. Притоа, 54,2% од одливот се однесува на нови засновани работни односи, што претставува 1,5% од вкупниот број на невработени. Додека, како прилив во Агенцијата се регистрирани 8.425 лица, каде 42% се од престанат работен однос.

**Нето ефектот од горенаведеното значи намалување на невработеноста за 1.233 лица, односно 0,34% споредено со претходниот месец. Така, во септември 2007 година бројот на невработени изнесува 360.607 лица.**

Од нив, 76.017 (21%) се изјасниле дека се пријавуваат само за остварување на правото на здравствено осигурување, а останатите активно бараат работа. Во однос на истиот месец од минатата година, бројот на невработените лица е зголемен за 0,5%.
Најголем процент од невработените, односно 67,1% се од урбани средини (градско население), а 58,5% се мажи. Анализирано според образованието, поголемиот дел, односно 51,7% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека 7% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот дел од невработените (61,7%) припаѓаат во категоријата 25-49 год. Имено, 81,4% имаат статус на невработени една година или повеќе.

**5.2. Во септември 2007 година, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се евидентирани 270.658 пензионери, што претставува годишно зголемување од 1,1%.**




За исплата на пензии, во овој месец се потрошени 2.071 милион денари, што претставува околу 23% од вкупните јавни расходи. Имено, заклучно со септември, 5,5% од предвидениот БДП се троши за оваа намена.

Во септември 2007 година, вредноста на просечната пензија изнесуваше 7.842 денари, што на годишно ниво претставува пораст од 2%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена нето плата во јули 2007 година (последен расположлив податок) изнесува 54,2%, и е непроменет споредено со претходниот месец.

**5.3. Бројот на корисници на социјална парична помош во јули (последни расположливи податоци) изнесува 62.521 домаќинства, што претставува благо намалување споредено со претходниот месец.**

Притоа, за исплата на социјална парична помош се потрошени 141,1 милион денари, односно 62,8% од исплатите за социјална помош по сите основи. За помош по основ на туѓа нега, во јули се потрошени 65,8 милиони денари за 18.830 лица, што претставува годишно намалување од 14%. Како корисници на постојана парична помош, во овој месец се регистирани 5.102 лице и за нив се потрошени 16,5 милиони денари, додека здравствена заштита користат 5.508 лица, за што се потрошени околу 4 милиони денари. Наведените расходи за

социјална помош го чинеа владиниот буџет 2,4% од вкупно реализираните расходи во јули.

**5.4. Во периодот јануари–јули 2007 година (последни расположиви податоци) споредено со истиот период од 2006 година, забележан е пораст на просечната номинална и реална нето плата за 6%, односно 4,8%.**




Во август 2007 година просечната месечна нето-плата по вработен изнесуваше 14.447 денари, што на месечна основа претставува номинален раст од 1%, додека пак на годишна основа растот изнесува 5,3%. Процентот на невработени кои не примиле плата постојано се намалува. Така, во август тој изнесува 11,3%, и е за 3,9 процентни поени понизок од август 2006 година.